Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 7 став 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 59 седница одржана на 30.11.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје**

1. Во Одлуката за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје бр. 02-182/1 од 12.02.2010 година, после точка 2 се додава нова точка 3 која гласи: „Последниот работен ден во годината е нетрговски ден на Македонска берза."

2. Во Одлуката за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје, точка 3 станува точка 4 и во нејзиниот текст, после зборовите „точка 1" се додаваат зборовите „и точка 3".

3. Во Одлуката за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје, после новата точка 4 се додава нова точка 5 која гласи: „Доколку во текот на годината од страна на надлежен државен орган биде прогласен вонреден неработен ден за граѓаните на Република Македонија, тој ден е нетрговски ден на Македонска берза АД Скопје."

4. Во Одлуката за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје се врши соодветна пренумерација на останатите точки.

5. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

6. Одлуката стапува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кирил Митровски**